МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС

МЦМС е-Билтен

Ноември 2012
БРОЈ 136

Знаење и вештини за жените погодени од конфликтот

МЦМС и Секторот за централно финансирање и склучување на договори - ЦФЦД (при Министерството за финансии на РМ), склучи договор за спроведување на програмата: Оспособување на жените погодени од конфликот (ОЖП). Договорот е дел од првиот повик за проекти од ИПА-компонентата 4 на ЕУ-фондовите наменети за Македонија. Целта на програмата е да се подобри вработувањето на овие жени, а тоа главно ќе се постигнува преку јакнење на свеста и градење на капацитетите.

Клучното прашање на кое се фокусира програмата е ниското учество на жените од етничките заедници во Македонија во пазарот на трудот. Со програмата ќе се оспособат околу 100 жени од Липково, Чаир, Сарај, Теарце, Желино, Јегуновце, Маврово и Ростуша.

Се очекува дека ќе бидат идентификувани 500 жени, коишто сакаат да ги искористат своите права и потенцијали; ќе бидат обучени и/или советувани 100 жени; 100 жени ќе бидат ангажирани во локалните претпријатија; ќе бидат зајакнати локалните граѓански организации и биде правена координација со останатите актери кои работат на оспособувањето на жените од малцинските етнички заедници.

Програмата ќе се спроведе во партнерство со организациите Флоренс Најтингел, Иницијатива за европска перспектива и Реканси бисери. Буџетот изнесува 15.330.023 МКД, а средствата се обезбедени од Европската Унија и сопствени приходи.



Македонските ГО учеа креирање политики од словенечките искуства

МЦМС одржа две напредни обуки за процесите за креирање политики и подготовка на закони од 28 ноември до 1 декември 2012 година во Скопје и во Маврово. Вкупно 25 претставници на граѓански организации со искуство во креирањето политики и подготовка на закони, ги разменија своите досегашни искуства, пречките со кои се соочиле и успесите кои ги постигнале во конкретни ситуации.

Горан Форбици, директор на Словенечкиот центар за невладини организации (ЦНВОС), ги пренесе методите и практиките кои во Словенија се употребуваат во процесите на застапување и лобирање. Работата во групи беше фокусирана на пристапите на застапување и лобирање за донесување или за изменување и дополнување на конкретни прописи: Предлог на Закон за изменување и дополнување на Закон за здравствена заштита, Законот за донации и спонзорства во јавните дејности, Законот за бесплатна правна помош и др.

Од особена важност за учесниците беа искуствата за лобирање на ниво на Влада, бидејќи најмалку имале можност да го прават тоа, потоа, за навремени средби со сите политички партии кои конструктивно би ги подржале нивните иницијативи и би ги вклучиле во своите програми.



Како да се лобира на ниво на Влада беше посебно интересно за учесниците

Прашањата кои произлегоа и се наметнаа се однесуваа на лобирањето во услови на постоење минимум политичка волја, т.е изнаоѓање алтернативни начини за лобирање, заеднички средби за споделување на искуства (од формален и неформален карактер) за прогресот во иницијативите или здружување за нови иницијативи.

Претставниците на ГО истакнаа дека искуствата од обуката ќе ги употребат при тековни или идни иницијативи, поактивно и организирано ќе делуваат и ќе го систематизираат процесот на лобирање, како и ќе посветат внимание на изнаоѓање начини на соработка со клучните луѓе во процесите на креирање политики и донесување закони.

Повеќе информации за економските активности и статусот „организации од јавен интерес“

Информативен настан за запознавање на граѓанските организации со промените кои ги донесе новиот Закон за здруженија и фондации (ЗЗФ) по однос на економските активности и статусот од јавен интерес се одржа во Скопје на 14 ноември 2012 г.

Ова беше последниот од низата настани што се одвиваа во неколку градови во Македонија.

Петнаесетина претставници од граѓанскиот сектор разговараа и ги разјаснуваа дилемите за дефинирањето и примената на економските активности во работењето на граѓанските организациие.

Добивањето статус од јавен интерес се уште не е предизвик за граѓанските организации. Интересот би бил стимулиран доколку статуст од јавен интерес се поврзи со даночните олеснувања.

Претставниците на граѓански организации сметаат дека ваквите настани се потребни не само за нив туку и за државните институции и Комисијата за доделување статус на организации од јавен интерес.



Статусот од јавен интерес се уште не е предизвик за граѓанските организации

Настанот беше организиран во рамки на проектот „Овозможувачка правна рамка“, спроведуван од МЦМС и Европскиот центар за непрофитно право (ЕЦНЛ), а поддржан од МЦМС и УСАИД.

Тек на форумските процеси водени од МЦМС

Граѓаните дискутираа за три буџетски програми на општина Аеродром

На 07 ноември 2012 година, во спортската сала во ОУ Љубен Лапе се одржа четвртата форумска сесија во општина Аеродром. На сесијата присуствуваа 129 граѓани на општина Аеродром и гости.

Претставниците од работната група ги презентираа резултатите од работилницата за предлозите за расходи по Програмата за развој на образованието во општина Аеродром за 2013 година и расходи по Програмата за социјална заштита на општина Аеродром за 2013 г., по што граѓаните дискутираа и ги усвоија.

На посебна работилница, општинската администрација заедно со претставници од граѓаните ќе ги разгледа можностите за вклучување на овие предлози во редовното работење на општината. „Ми се допаѓа тоа што на следната форумска сесија и тие што не учествувале во работни групи имаат можност да се запознаат со резултатите од одржаните работилници на работните групи. Она што е многу позитивно е тоа што со отворена комуникација, граѓаните меѓусебно се запознаат и се договараат, притоа давајќи заеднички идеи на што да се посветат локалните власти", вели Анитула Ничева. И за Ана Петровска форумските сесии се полезни. „Граѓаните на општина Аеродром тука имаат можност недостатоците и работите што ги согледале заеднички да ги продискутираат и да дадат свои конкретни предлози и сугестии по истите, со цел да се подобри животот на граѓаните", вели таа.

Петтата форумска сесија, на која ќе биде избран проектот кој ќе се финансира од буџетот на програмата, е планирана за 05 декември 2012 г.



Резултатите од форумот пред граѓаните на Крива Паланка

На 20 ноември 2012 година, во хотелот „Турист" во Крива Паланка се одржа шестата тнр. последователна форумска сесија. На сесија присуствуваа вкупно 105 граѓани.

Локалната самоуправа ги презентираше резултатите од реализираниот проект „Реконструкција на дел од главната градска улица „Свети Јоаким Осоговски" на локалитетот „Стара чаршија". Со инфраструктурното уредување на оваа делница подобрен е квалитетот на живот на граѓаните на Крива Паланка. Во проектот се вложени вкупно 4.100.755 денари од кои 1.400 000 се обезбедени од Швајцарската агенција за развој и соработка, 2.327.959 се општински средства, а носителот и партнерот ЈП „Комуналец" заедно имаат инвестирано уште 372.796 денари.

„Многу важна придобивка е што граѓаните имаа можност, според демократски принципи, да одлучат што е најприоритетно за нивниот град и да го осознаат патот од идеја до реализација на проектите. Овде не се делевме ни по образование, ни по политичка определба, туку бевме единствени во настојувањата да го одбереме најнеопходниот, најпогодниот и во моментот најрационален проект", рече Милка Митовска, претседател на Советот на општината во своето обраќање.

Со парите од форумот ќе се гради пешачки мост на Брегалница

На 22 ноември 2012 година, во големата сала на Спомен Домот АСНОМ во Делчево се одржа петтата форумска сесија. На сесијата присуствуваа 123 граѓани на општина Делчево и гости.

Граѓаните на оваа сесија го избраа проектот што сметаа дека е најприоритетен за нив. Од петте проекти што беа ставени на гласање најмногу гласови, вкупно 39 доби „Пешачки мост преку реката Брегалница" и тој ќе биде финансиран од проектниот фонд на програмата Форуми во заедницата.

„Одлично е чувството што ние младите бевме дел од еден навистина значаен проект кој се подготвуваше во текот на форумските сесии, а уште позначаен е и фактот што граѓаните сами го одбраа она што навистина ѝм беше потребно – тоа е Пешачкиот мост преку реката Брегалница", рече на крајот од сесијата Катерина Антовска.

Градоначалникот на општина Делчево г. Горан Малешевски на присутните граѓани ѝм честиташе на направениот избор, а потоа од страна на граѓаните ги прими и 37-те препораки, за кои истакна дека, тој заедно со општинската администрација ќе направи се што е во рамките на нивните можности, истите да се реализираат во што е можно поголем број.

Најмногу гласови за доградбата на ОУ „Пашко Васа" во Ново Село

Петтата форумска сесија во општина Желино се одржа на 15 ноември 2012 година, во просториите на ОУ „Луиѓ Гуракуќи" во Желино. На сесијата присуствуваа 83 граѓани на општина Желино и гости.

Граѓаните на општина Желино гласаа за 7 проекти подготвени од страна на работните групи, а најмногу гласови, вкупно 42, доби проектот „Доградба на ОУ „Пашко Васа" во село Новосело".

За Шазивар Мемеди петата сесија е успешно реализирана. „Посакувам и во иднина нашата општина да биде вклучена во вакви проекти бидејќи мислам дека сега сме подготвени за вакви предизвици." И Нехат Османи е задоволен од исходот на петата сесија. „За мене беше големо задоволство да присуствувам на иницијатива каде што сите граѓани придонесуваат за вакви проекти. Искрено мислам дека направивме правилен избор за финансирање на изградбата на ОУ во село Ново Село бидејќи е со поголем приоритет", додаде Османи.

Преку форумите учествуваме во креирањето на локалната политика

Третата форумска сесија од меѓуопштинскиот форум на општините Василево и Босилово се одржа на 15 ноември 2012 година, во мотелот „Мис Стон" во Градашорци, општина Василево. На сесијата присуствуваа 111 граѓанин на општините Василево и Босилово и гости.

На сесијата се разгледуваа пет концептите за предлог проекти: Механизација за комунални претпријатија; Проектна документација за фекална канализација; Јакнење на свеста на граѓаните за рационално користење на водата; Реконструкција на канали за одвод на атмосферските води и Подобрување на снабдувањето со техничка вода.

„Добри се Форумите бидејќи ние самите граѓани ги лоцираме проблемите и предлагаме идеи како да се надминат истите, со што на некој начин учествуваме во креирањето на локалната политика", ни рече Марјан Трајковски од Василево. Според Катерина Пандева од Босилово преку форумите се подига свеста кај граѓаните за нивно активно учество во решавањето на проблемите во нивната заедница. „На овој начин не само што ги споделуваме проблемите туку и разменуваме искуства како да се надминат и можност тоа да се изложи и пред локалните власти. Значи демократскиот дух се зголемува кај сите нас", смета таа.

Следната, четврта форумска сесија е закажана за 20 декември 2012 година во ОУ „Гоце Делчев" во општина Босилово.